Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 27.08.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | |
| 10 | 4304/2 | 1 | |

# ИЗВЕШТАЈ

## од редовниот надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово, емитуван на 4 август 2014 година

*Предмет на надзорот:*

Предмет на надзор во согласност со Годишниот план за вршење програмски надзор беа:

- обврските за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации; и
- обврските за заштита на малолетните лица од програми што можат да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој.

*Констатации:*

Со мониторингот на снимката од програмскиот сервис на ТРД ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово од 4 август 2014 година, е констатирано прекршување на член 53 став 17 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (аудиовизуелните комерцијални комуникации треба да бидат вистинити и чесни, да не ја заведуваат јавноста и да не се против интересите на потрошувачите). Имено, регистрирана е аудиовизуелна комерцијална комуникација, односно рекламен спот, текст на телоп преку целиот екран на медиумот со следнава содржина: „**Hoxha Tarkan shëron me sukses shumë lloje të sëmundjeve psiqike. 075/848-455**". Рекламниот спот вели дека оџата Таркан лекува многу видови психички болести. Имајќи предвид дека лицето претставено како „оџа Таркан" не е квалификувано да пружа здравствени услуги, аудиовизуелната комерцијална комуникација не ги исполнува условите да биде вистинита и чесна, односно има потенцијал да ја заведе јавноста и е против интересите на потрошувачите.

| Наслов на емисија | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | почеток | крај |
| Реклама – „Hoxha Tarkan shëron me sukses shumë lloje të sëmundjeve psiqike. 075/848-455." (Оџа Таркан успешно лекува многу видови психички болести.) | 07:44:40<br>10:53:35<br>15:11:27 | 07:45:06<br>10:54:06<br>15:11:54 |

*Опис на прекршувањето:*

Спротивно на член 53 став 17 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово, на 4 август 2014 година, е констатирано емитување аудиовизуелна комерцијална комуникација која не ги исполнува условите да биде вистинита и чесна, односно има потенцијал да ја заведе јавноста и е против интересите на потрошувачите.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*26.08.2014 година*

| Претходно изречена мерка: |
| --- |
| - Нема изречено мерка |

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 53 став 17 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14), а со оглед дека за прекршување на оваа законска одредба до сега не му е изречена мерка на радиодифузерот, во согласност со член 23 и 27 од цитираниот закон, до в.д. Директорот на Агенцијата се дава следната

Предлог на мерка:

- да се преземе мерка – опомена, и
- В.д. Директорот на Агенцијата да определи во кој рок од денот на донесувањето на поединечниот акт (решение), да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).